Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16) и член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот („Сл.весник на РМ" бр. 54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) и член 46 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод" бр.02/03..4/17), Советот на Општина Македонски Брод на третата седница одржана на 14.12.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2022 година

### Член 1

Со оваа одлука се определува просечната цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2022 година, утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски општини.

### Член 2

Градежно земјиште е земјиште планирано со актите предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање и истото може да биде градежно неизградено земјиште, градежно изградено земјиште и градежно земјиште во општа употреба.

Градежното неизградено земјиште е земјиштето опфатено со границите на градежната парцела во рамки на која не се изградени објекти од траен карактер кои се запишани во јавните книги за запишување на правата на недвижности.

Градежно изградено земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Градежно земјиште за општа употреба е непарцелизирано градежно земјиште кое служи за изградба на улици, плоштади, инфраструктури и други видови површини за општа употреба, кое се наоѓа вон рамките на градежните парцели и врз кои не е планирано/утврдено право на градење.

### Член 3

Просечната цена за метар квадратен на градежно земјиште се движи во зависнот од зоната во градот и населеното место и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | КО Македонски Брод | |
| 1.1 | ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | |
| | Прва зона | 1800 ден/м$^2$ |
| | Втора зона | 1450 ден/м$^2$ |
| 1.2 | ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | |
| | Прва зона | 1000 ден/м$^2$ |
| | Втора зона | 800 ден/м$^2$ |
| 1.3 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | |
| | Прва зона | 1000 ден/м$^2$ |
| | Втора зона | 800 ден/м$^2$ |

табела 1

Просечната цена за метар квадратен на градежното земјиште во селата во општина Македонски Брод ќе се движи:

| 1. | Прва зона | Цена по $м^2$ |
|---|---|---|
| 1.1 | Градежно неизградено земјиште | 1800 ден/$м^2$ |
| 1.2 | Градежно изградено земјиште | 1000 ден/$м^2$ |
| 1.3 | Градежно земјиште за општа употреба | 1000 ден/$м^2$ |

Табела2

| 1. | Втора зона | Цена по $м^2$ |
|---|---|---|
| 1.1 | Градежно неизградено земјиште | 1450 ден/$м^2$ |
| 1.2 | Градежно изградено земјиште | 800 ден/$м^2$ |
| 1.3 | Градежно земјиште за општа употреба | 800 ден/$м^2$ |

Табела 3

| | Трета зона | Цена по $м^2$ |
|---|---|---|
| 1. | КО Требовље, КО Близанско, КО Здуње, КО Белица, | |
| 1.1 | ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 1450 ден/$м^2$ |
| 1.2 | ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 800 ден/$м^2$ |
| 1.3 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | 800 ден/$м^2$ |
| | | |
| 2. | КО Ижиште, КО Самоков | |
| 2.1 | ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 1450 ден/$м^2$ |
| 2.2 | ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 700 ден/$м^2$ |
| 2.3 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | 700 ден/$м^2$ |
| | | |
| 3. | КО Ореовец, КО Русјаци, КО Латово, КО Требино, КО Девич, КО Сувидол, КО Локвица, КО Г/Д.Манастирец, КО Модриште, КО Драгов Дол | |
| 3.1 | ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 1150 ден/$м^2$ |
| 3.2 | ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 600 ден/$м^2$ |
| 3.3 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | 600 ден/$м^2$ |
| | | |
| 4. | КО Сланско, КО Дреново, КО Грешница, КО Слатина,КО Могилец, КО Калуѓерец, КО Крапа, КО Ковче, КО Лупште, КО Брест, КО Растеш, КО Томино село, КО Тополница, КО Црешнево | |
| 4.1 | ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 950 ден/$м^2$ |
| 4.2 | ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 500 ден/$м^2$ |
| 4.3 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | 500 ден/$м^2$ |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | КО Крушје, КО Вир, КО Рамне, КО Зркле, КО Волче, КО Заград, КО Бенче, КО Битово, КО Ботушје, КО Тажево, КО Брезница, КО Звечан, КО Косово, КО Инче, КО Сушица, КО Барбарос | |
| 5.1 | ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 800 ден/м² |
| 5.2 | ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 400 ден/м² |
| 5.3 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | 400 ден/м² |

табела 4

**Член 4**

Со денот на започнувањето на примената на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2021 година со бр.18-93/7 од 29.01.2020 година („Сл.гласник на Општина Македонски Брод" бр.01/21).

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод", а ќе започне да се применува од 01 јануари 2022 година.

**Бр.18-788/4**
**14.12.2021 год.**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател**
**Ивица Аврамоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД